**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666** www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

# Известување за концентрација со која Арикома а.с., Чешка има намера да стекне контрола над Конвотис Бизнис Солушнс ГмбХ, Австрија и над САФИР МЕНАЏМЕНТ КОНСАЛТИНГ д.о.о Словенија

**(предмет бр.08-172/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 26.11.2025, до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е известување за концентрација со која Арикома а.с., со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10, Чешка Република, целосно контролирано од ККЦГ Групацијата, има намера да стекне целосна контрола над Конвотис Бизнис Солушнс ГмбХ со седиште на 1 Гуглгасе 15/4а/4ти кат, 1110 Виена, Република Австрија, и на 90% од акциите на САФИР МЕНАЏМЕНТ КОНСАЛТИНГ д.о.о., информацијско ин пословно световање со седиште на Шмартинска цеста 56, 1000 Љубљана, Република Словенија.

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

Подносителот на Известувањето во трансакцијата е Арикома а.с., со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10, Чешка Република. Подносителот на Известувањето е холдинг компанија која управува со удели во своите зависни друштва, особено со Арикома системс а.с., Сабрис Консалтинг с.р.о. и Арикома Ентерпрајз Сајберсеќурити а.с. . Арикома системс а.с. се фокусира на спроведување на големи проекти за големи компании, имплементација и поддршка на бизнис информациски системи Microsoft Dynamics, како и обезбедување на ИТ инфраструктура, корпоративни апликации, поддршка на бизнис процеси, грижа за корисници и ИТ безбедност. Сабрис Консалтинг с.р.о. се фокусира на експертиза во SAP, бизнис решенија и поврзани услуги. Арикома Ентерпрајз Сајберсекјурити а.с. обезбедува технологии за безбедност, проценка на безбедност, услуги за сајбер одбрана и совети за усогласеност со GDPR.
Арикома припаѓа на ККЦГ Групацијата. ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666** **www.kzk.gov.mk**e-mail:**kzk@kzk.gov.mk**

- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;

- Друштво за информатичка технологија АВЕНГА ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации АВЕНГА Академи ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;
- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

Конвотис Бизнис Солушнс е со приоритетна дејност нудење услуги за имплементација, консалтинг, поддршка и обука за SAP ERP системи. Обезбедените услуги вклучуваат консалтинг за облак (cloud) и трансформација, работа со SAP системи, системска интеграција и други услуги поврзани со SAP.

САФИР МЕНАЏМЕНТ КОНСАЛТИНГ д.о.о., информацијско ин пословно световање е со приоритетна дејност нудење услуги за имплементација, консалтинг, поддршка и обука за SAP ERP системи. Обезбедените услуги вклучуваат консалтинг за облачни (cloud) решенија и трансформација, работење со SAP системи, системска интеграција и други услуги поврзани со SAP.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

Скопје
28.11.2025